# КУЛТУРЕН ЖИВОТ

2017



# КУЛТУРЕН ЖИВОТ

Списание за култура,
уметност и општествени
прашања

**LXI** 2017



Редакциски одбор:
**Љубица Арсовска** (главен уредник),
**Наташа Аврамовска,**
**Горан Стефановски,**
**Сеад Џигал,**
**Султана Чулева,**
**Дона Колар - Панова,**
**Влатко Коробар и**
**Маргарет Рид**

Надворешни членови:
**Борислав Павловски** (Хрватска),
**Кжиштоф Чижевски** (Полска),
**Кевин Робинс** (Велика Британија)



Дизајн и ДТП
Елена Новкоска
elena.novkoska@gmail.com

Редакција и администрација
Рузвелтова 6, 1000 Скопје
Поштенски преградок 85
Република Македонија

Тел. (+ 389 02) 3226-105;
E-mail: kulziv@yahoo.com
РАКОПИСИТЕ НЕ СЕ ВРАЌААТ

ПРЕТПЛАТА
Цена на примерок: 200 денари ( 5 €)
Жиро сметка: 300000000220032
(даночен број 4030988216004)
За плаќање од странство: 0270100029380
Депонент: Комерцијална банка АД Скопје,
со ознака „Културен живот", Скопје

Printed in Macedonia

Издавањето на списанието е овозможено
со материјална поддршка на
Министерството за култура


На корицата:
Никола Мртиноски,
*Ненасловена*,
гваш 32x22 см.

59 Иван Ивановски (1930-2017)

**ЕСЕЈ**

Лидија Димковска 62 Отаде Л., извадок од *Американски дневник*

**ПРЕВЕДЕН ЕСЕЈ**

Марио Варгас Љоса 64 Кратка беседа за културата

**МУЗИКА**

Трена Јорданоска 70 Кога ѕвездите ќе се сложат

**МЕДИУМИ**

Сеад Џигал 76 Осврт кон промените на медиумскиот систем и јавноста во ерата на интернетот

**КНИЖЕВЕН ЕСЕЈ**

Владимир Мартиновски 86 Во кругот на поезијата

**ИЗЛОГ НА КНИГИ**

Рубенс Корубин 90 Кирил Пенушлиски, *Никола Мартиноски до 1945*, монографија

Ленче Китанова 92 Игор Поп Трајков, *Песни од смртта и љубовта*

**ДРАМСКА БИБЛИОТЕКА НА КУЛТУРЕН ЖИВОТ**

Русомир Богдановски 96 *Лерин, полиња жито, ридишта крв*

*Трена Јорданоска*

# КОГА SВЕЗДИТЕ ЌЕ СЕ СЛОЖАТ



Целовечерните концерти со дела од само еден автор од современата македонска музика отсекогаш биле вистинска реткост, освен ако не се работело за некој повод, односно годишнина на авторот. Притоа, ако настанот го прави само еден изведувач и тоа пред преполн аудиториум од кој поголемиот дел ќе го отстои настанот на нозе, со право може да се рече дека на 28 февруари 2017 година, во просторот на Музејот на современата уметност во Скопје, во рамките на мултимедијалниот проект насловен *Late Night Museum* – ѕвездите се сложија.

На овој рецитал Ем(илиј)а Потевска Попивода интегрално го изведе познатиот циклус од тринаесет виртуозни *Вечеринки/Ноктурна* оп. 49 и оп. 52 од Димитрије Бужаровски. Проектот беше во коорганизација на МСУ и Фестивалот за современа музика *Модоарс,* каде Попивода е основач и уметнички селектор, така што таа се јави и во улога на еден од главните организатори и, особено, аниматори кои ја мотивираа и охрабруваа публиката за посета на настанот. Попивода настанот го осмисли како единствено и неповторливо мултимедијално доживување, еден поинаков пијанистички рецитал кој излегува од неговата стереотипна форма на уметник на бина и скаменета (најчесто постара, редовна и блиска до уметникот) публика. Таа покажа како се привлекува и гради нова и разновидна публика, во време кога уметничките настани (посебно живите) се соочуваат со многу сериозен предизвик воопшто да се одржат, под притисокот на огромната понуда на случувања во сите сфери на забавната индустрија, постојаниот наплив на содржини преку интернетот и другите медиуми, а неодамна и пред најавите на глобално ниво за скратување (некаде и запирање) на државната поддршка за активностите од областа на културата, уметностите и хуманистичките науки како економски неисплатливи. Во оваа смисла, сликите на преполната галерија на МСУ, и како што се наближуваше времето за концертот, исполнетите места за седење, дури и немањето место ни за стоење пред самиот почеток на концертот, и секако бурните аплаузи на крајот, говорат за успешен



пример и добиена битка. Клучот за успешноста на нејзиниот настан можеме да го разгледаме на три нивоа: концептот, промоцијата и изборот на музичката програма.

Оваа проактивна и инвентивна современа уметница не чекаше некој друг да (`и) ги создаде можностите, туку самата, со доволно добра интуиција и чувство за културните потреби и навики и сензибилитетот на скопската урбана публика, која Попивода успеа да ја придобие за оваа прилика, ја препозна вистинската приказна, сама ја отвори и ја разви на повеќе нивоа. Притоа, таа се повика на нешто што претставува актуелно решение во светските центри, спојување на едно место на повеќе уметности и медиуми со други (вонуметнички) потреби и интереси на луѓето во единствено неповторливо случување. Така, покрај рециталот отсвирен вон стандардните концертни простори во градот, кој беше централниот настан на уметничката вечер, публиката еден час пред почетокот на концертот во 20 часот, имаше можност да се прошета низ галериите на МСУ и да ги погледне актуелните и редовните поставовки, а по концертот *до доцна во ноќта* да се дружи и да се забавува во холот на музејот на звучна дицеј подлога густирајќи македонски вина. Вечерното/ноктурналното исполнување на времето беше обединувачкиот концепт на мултимедијалниот настан: музеј отворен до доцна во ноќта, поврзување на вечерното музицирање на седенките во урбаниот македонски фолклор со ноктурната од романтичарската западноевропска традиција и нивната синтеза во современата уметничка музика во делата на Бужаровски, и на крајот клубски звук како неизбежна позадина на вечерните излегувања и дружења. Со вака спакуван концерт, Попивода покажа како денес може да се одржи врвно музичко уметничко творештво, а сепак да не се отстапи од начинот на кој тоа е замислено да се изведува и да се слуша.

Попивода уметничкиот настан го спои и со мрежниот, па пред случувањето, многу вешто ги искористи социјалните и другите медиуми за да повика на собирање, дружење и опуштање преку проследување на уметничките форми. Без стихијност и воздржаност, со добро осмислена и дозирана промотивна стратегија, настанот беше најавуван неколку недели однапред, со цел публиката навреме да се активира, да се заинтересира, и да може да се подготви. На овој начин концертот на Попивода стана вирален феномен за кој се говореше, пишуваше, снимаше, фотографираше, споделуваше. За една од *Вечеринките*, „Зајди, зајди" беше направен (за наши услови) редок, необичен и примамлив *en plein air* видео спот, кој беше објавен на сервисите Јутјуб и Вимео во септември 2016 година, во кој Попивода во разнобојни фустани свири на концертно живописно насликано пијано искачено на рид во близината на езерото Козјак.

Во поглед на нејзиното стручно-звучно остварување, Попивода се определи за хармонски пребогата и мајсторски изработена, ритмички и технички ефектна и мелодиски и емоционално комуникативна програма. Тринаесетте *Вечеринки* оп. 49 и оп. 52 (двата опуса реферираат на годините во кои се создадени, 1999–2000 и 2003–2004) се изградени врз познати македонски народни песни кои во минатото вообичаено се изведувале на седенки како дел од урбаниот фолклор. Во основа, тие претставуваат варијации на народните песни кои се користени како своевиден кантус фирмус врз кој е изградена сложена виртуозна пијанистичка фактура. Во неа, во духот на полистилистичкиот и полижанровскиот пристап кој Бужаровски го применува во своето творештво уште од средината на осумдесеттите години, доминира неоромантичарскиот пристап со јасни алузии на Шопеновиот и Листовиот пијанизам, но и неокласични, импресионистички и џез фактури, кои заедно придонесуваат кон посебноста и оригиналноста на крајниот резултат. Иако тие се замислени да се изведуваат во континуитет како една целина, со оглед на драматуршкиот развој во градењето на формата на циклусот, сепак Бужаровски ја оставил можноста тие да се изведуваат и поединечно.

*Вечеринките* на Бужаровски, и во поединечна изведба, претставуваат многу сериозен предизвик за кој било пијанист. За овие ноктурна да прозвучат лесно и едноставно, како импровизација на тема, со јасно и докрај извлечени народни мелодии кои комуницираат и контрапунктираат на препознатливи елементи на познатите романтичарски дела, но без да се забележи нивната ритмичка комплексност, промената на различни пијанистички техники и мошне комплексните интерпретациски барања, потребно е поседување на бравурозна пијанистичка техника, моќ на помнење на големата партитура, богат и суптилен емоционален свет, и секако многу волја, откажувања и вложување на голем труд, што беше евидентно присутно на овој концерт. Попивода се претстави како технички и ритмички самоуверена, сосредоточена, стабилна и издржлива пијанистка, логична и конзистентна во поглед на одржувањето на микро и макро драматуршкиот развој на *Вечеринките*, со внимателно агогички и динамички изработени почетоци и краеви слеани еден во друг, мелодиски зрела да препознае и долови разновидни расположенија и чувства, и да ја одржи живоста и оптимизмот со кој зрачи оваа музика. На нејзината звучна уметност, се надоврза и синкретизмот во нејзината појава, со целосно заокружен визуелен производ,

убавина, грациозен изглед и гестикулација, како и видна возбуда и среќа.

Она што е посебно важно за храброста и подвигот на Попивода е дека и покрај бројните досегашни изведби на овие ноктурна, од различни пијанисти кај нас и во светот (вклучувајќи ја и неа), оваа вечер прозвучи нивната прва интегрална изведба по настапот на Бужаровски во 2004 година. На крајот на концертот, самиот автор се обрати на публиката споделувајќи ја анегдотата која се случила во друга пригода при подготовка на негово симфониско дело. Имено, еден од музичарите, расчитувајќи ја својата технички комплицирана делница, во еден момент извикал: „Кој си ги напишал, нека си ги свири". На ова композиторот додаде покажувајќи кон Попивода: „Но, еве доказ, сепак може и некој друг да ги отсвири."

Инаку Попивода е една од пијанистките кои во својот репертоар редовно вклучуваат дела од опусот на Димитрије Бужаровски, вклучително целовечерни концерти со негово пијанистичко творештво. Четирите ноктурна оп. 52 ги има изведено и во нивната камерна верзија, за две пијана заедно со пијанистката Татјана Ќорлева, а двете заедно се вбројуваат меѓу ретките пијанисти кои во целина ги имаат изведено извонредно технички и интерпретациски сложените стилски варијации *All That Dance* оп. 39 за две пијана.

Пијанистката настапи на концертно пијано Јамаха изнајмено од специјализиран концертен сервис, што исто така е новина во нашата културна средина, а за да биде заокружен мултимедијалниот концепт, Liber Legis Musica Universalis го сними концертот со повеќе камери. Пофалба и до Музејот и неговото раководство, кое покажа визија давајќи поддршка за несекојдневната идеја и придонесе кон создавањето на настан што останува за паметење.

***Авторот на текстот е вонр. проф. д-р на Музичката акдемија во Скопје***



КУЛТУ ЖИВ R ЕН
Списание за култура,
уметност и општествени
прашања
LXI 2017

# CONTENTS

Charles Simic 5 Prodigy
6 Nobel Prize for Literature 2017, Kazuao Ishiguro
Ognena Nikuljski 8 The Noble Mission of Translation, Babylon Award 2017
Eva Garsia Saenz 10 Excerpt from Pasaje a Tahiti, Babylon Award for best translation from Spanish to Macedonian
David Mitchell 16 Excerpt from The Bone Clocks, Babylon Award for best translation from English to Albanian
20 Ognen Chemerski (1974-2017)
Kiril Penushliski 28 El Che Vive!
Janos Sege 34 A Map for the Map – Selected Young Hungarian Poets
Lidija Kapushevska-Drakulevska 48 Poetry Imbued with Light
59 Ivan Ivanovski (1930-2017)
Lidija Dimkovska 62 Excerpt from the *American Diary*
Mario Vargas Llosa 64 Excerpt from the *La civilización del espectáculo*
Trena Jordanoska 70 When Things Fall into Place
Sead Dzigal 76 On the Changes in the Media System and Public in the Era of Internet
Vladimir Martinovski 86 In the Circle of Poetry
Rubens Korubin 90 Kiril Penushliski, *Nikola Martinovski do 1945*
Lenche Kitanova 92 Igor Pop Trajkov, *Pesni od smrtta I ljubovta*
Rusomir Bogdanovski 96 *Lerin, Fields of Wheat, Hills of Blood* (A Play)



ISSN 0047-3731
9 770047 373009